Mustafa Asim



**ЛИКОВЕН САЛОН НА ДЛУ НА БИТОЛА**
**THE GALLERY OF SOCIETY OF BITOLAS ARTISTS**

**14 – 31. IX 1991.**

*МУСТАФА АСИМ /1952, Скопје/*

*Сликар, сценограф, член на ДЛУМ и ДЛУПУМ*

АКВАРЕЛИ 1 – 20

Фотографии: Живковски Јордан





**Самостојни изложби:**

**– Битола, 1979, Галерија на современа југословенска графика „Моша Пијаде"**
**– Пирот, 1980, Ликовен салон на домот на ЈНА**
**– Скопје, 1983, Галерија на Домот на млади „25 Мај"**
**– Сараево, 1983, Галерија ЦЕДУС**
**– Битола, 1983, Салон на Домот на Културата**
**– Скопје, 1984, Клуб на новинари**
**– Белград, 1985, Галерија „АРС"**
**– Битола, 1985, Ликовен Салон на ДЛУ**
**– Ниш, 1986, Галерија на СКЦ**
**– Скопје, 1988, Клуб на новинари**
**– Битола, 1989, Галерија „Моша Пијаде"**
**– Прилеп, 1990, Дом на култура**
**– Скопје, 1990, Галерија „Зограф"**
**– Тетово, 1990, Дом на култура**
**– Штип, 1990, Дом на млади**
**– Скопје, 1991, Културно информативен центар**

*Патувањето низ времето сѐ до прачовекот како прва станица на живеење започнува со играта. Откривајќи ја смислата на играта преку култниот обред сѐ до модерниот танц човекот ја открива радоста и пулсот на енергијата на движењето.*

*Поттикот на Мустафа Асим да се движи заедно со играта на балерините не е само начин да го изрази движењето, туку да навлезе во ритамот на емоциите. Тој не ја подвлекува темата, туку начинот на кој е таа преведена во менливата боја и облик. Не го слика само светот на сцената ами тој се идентификува со емоционалниот набој на гротескниот момент на играчот. Таинственоста на секвенците од уметничките претстави ги предава со сентиментален патос и готска елеганција. Осмени и меланхолични танчари претставени и во секојдневната интима со спонтаност и шарм. Случајно и непретенциозно со навестена тага или можеби тајна во атмосфера на исчекување.*

*Бурата на движење укажува на успешен настап, но чувството на страв што таа го предизвикува води кон експектирање. Стремежот да ни ја обезбеди препознатливоста на својот ликовен ракопис Мустафа нѐ внесува во светот на прима балерината со сета своја елеганција и поетичност. Не му е идејата да ја претстави сцената, туку да го прикаже животниот танчерски немир со сиот внатрешен сензуален набој, екстаза и кулминација...*

*Силата во уметничката постапка на оваа изложба е искажана со севкупно навлегување во суштината на внатрешниот звук на играта. Податливи се заткулисните сегменти со фина лирска боја и суптилност во изразно ликовните детали.*

*Дали се преизморени од играта? Или пак допрва се подготвуваат за чинот? Сликата го остава посматрачот да ја заврши приказната на танчерскиот од.*



*Ангелина Кацарска Корубин*

*
Печати: „Нова книга"
Скопје



